Врз основа на член 52, став 1, алинеја 23 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; бр. 103/08; бр. 26/09; бр. 83/09; бр. 99/09; бр. 115/2010, бр. 17/2011, и бр. 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 38. седница одржана на 30.11.2011 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 150/2010), во членот 15, став 3, во алинејата 1 зборот „биотехнолошките“ се заменува со зборот „биотехничките“.

Во членот 15, став 3, алинејата 2 се менува и гласи:

- „лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од 10 семестри и се стекнале со диплома *доктор по ветеринарна медицина* и кои запишале постдипломски магистерски студии.“

Во членот 15, по ставот 3, се додава нов став 4 кој гласи:

„Право за запишување на докторски студии на Стоматолошкиот факултет - Скопје имаат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до 2003/2004 и се стекнале со диплома доктор на стоматологија или со диплома доктор по стоматологија, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од 2003/2004 и се стекнале со диплома доктор по стоматологија, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од 2010/2011 и се стекнале со диплома доктор по дентална медицина, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација.“

Ставот 4 станува став 5.

По ставот 4, кој станува став 5, се додава нов став 6 кој гласи:

„Кандидатот кој завршил студиска програма од овој член, треба да ги исполнува и основните критериуми од член 14, став 1, алинеи 4 и 5.“

**Член 2**

Во член 41, став 2 се брише.

**Член 3**

Членот 43 се брише.

**Член 4**

Во членот 69, став 1, последната реченица се брише, а се додава нова реченица која гласи:

„Менторот не може да биде член на Комисијата за одбрана на докторска дисертација.“

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на членовите 52, став 1, алинеја 22 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; бр. 103/08; бр. 26/09; бр. 83/09 и бр. 99/09; бр. 115/2010, бр. 17/2011, бр. 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 38. седница одржана на 30.11.2011 година, го даде следново

# АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ

## на членовите 14 и 15 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Одредбите од членовите 14 и 15 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои ги регулираат условите за запишување на трет циклус-докторски студии се применуваат и се толкуваат така што во овие одредби студиските програми што треба кандидатите да ги имаат завршено за да можат да се запишат на трет циклус студии-докторски студии се дадени алтернативно, а додека барањата за остварен просечен успех и познавање на странски јазик се кумулативни заедно со една од студиските програми наведени во членовите 14 и 15.

**Универзитетски сенат**

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**